**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Од 07.02.2025 година

Врз основа на член 27, став (5) и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23) и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/02), Градоначалникот на Општина Прилеп донесе:

**О Д Л У К А**

**за организирање на повторена јавна презентација и јавна анкета по нацрт Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, Општина Прилеп, плански период 2023-2028**

**Член 1**

Се организира повторена јавна презентација и јавна анкета по нацрт Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, Општина Прилеп, плански период 2023-2028.

**Опис на планскиот опфат:**

Според состојбата на терен опфатот кој е предмет на изработка на детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, се наоѓа североисточно од централното градско подрачје во Прилеп, на надморска височина од 651,01 до 658,28м, согласно измена и дополна на ГУП за град Прилеп со плански период 2013-2023, донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015 год.

Планскиот опфат кој е предмет на изработка на детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, е дефиниран со следните граници:

Јужната и југозападната граница се движи по должина на осовината на собирната улица, бул."Гоце Делчев" со ознака С2 во должина од 1198,2м', врти кон североисток каде оди по осовината на собирната улица "Новопланирана" со ознака С12 во должина од 455,1м', формирајќи ја северозападната граница, потоа врти во југоисточен правец по осовината на собирната улица "Самоилова" (Пере Тошев), со ознака С3, во должина од 513,4м', формирајќи ја североисточната граница, потоа врти во јужен правец по осовината на сервисната улица "Браќа Миладиновци" со ознака Ср9, во должина од 283,5м', формирајќи ја источната граница, потоа врти во источен правец по осовината на сервисната улица "Браќа Миладиновци" со ознака Ср9, во должина од 220,6м', формирајќи ја северната граница на опфатот, се до накрсната точка со сервисната улица "Браќа Миладиновци", со ознака Ср5, во должина од 445,5м', врти во југоисточен правец се до вкрстувањето со бул."Гоце Делчев" која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон со периметар од 3116,64м', со површина на планскиот опфат од 438249,96 м2, односно 43,82 ха.

**Член 2**

Повторената Јавна анкета за нацрт Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, Општина Прилеп, плански период 2023-2028, ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на Општина Прилеп како и со објавување на планот во системот е-урбанизам и на веб-страната на Општина Прилеп.

Повторената Јавната анкета ќе трае 14 (четиринаесет) ден и тоа од 25.02.2025 година до 10.03.2025 година, секој работен ден од 8.30 до 15.30 часот.

Повторената Јавната презентација со стручно презентирање на планот че се одржи на ден 27.02.2025 година, петок во 10:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**Член 3**

За организирањети на повторената јавната презентација и јавната анкета по нацрт Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, Општина Прилеп, плански период 2023-2028, ќе се достави повик до сите учесници преку информацискиот систем е-урбанизам, веб-страната на Општина Прилеп, како и печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

**ГРАДОНАЧАЛНИК:**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Врз основа на член 27 став (5), како и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**Се организира повторена јавна презентација и јавна анкета за**
**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 3, БЛОК 3.1, ОПШТИНА ПРИЛЕП.**

**Опис на планскиот опфат:**

Јужната и југозападната граница се движи по должина на осовината на собирната улица, бул."Гоце Делчев" со ознака С2 во должина од 1198,2м', врти кон североисток каде оди по осовината на собирната улица "Новопланирана" со ознака С12 во должина од 455,1м', формирајќи ја северозападната граница, потоа врти во југоисточен правец по осовината на собирната улица "Самоилова" (Пере Тошев), со ознака С3, во должина од 513,4м', формирајќи ја североисточната граница, потоа врти во јужен правец по осовината на сервисната улица "Браќа Миладиновци" со ознака Ср9, во должина од 283,5м', формирајќи ја источната граница, потоа врти во источен правец по осовината на сервисната улица "Браќа Миладиновци" со ознака Ср9, во должина од 220,6м', формирајќи ја северната граница на опфатот, се до накрсната точка со сервисната улица "Браќа Миладиновци", со ознака Ср5, во должина од 445,5м', врти во југоисточен правец се до вкрстувањето со бул."Гоце Делчев" која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон со периметар од 3116,64 м', со површина на планскиот опфат од 438249,96 м², односно 43,82 ха. Подрачјето на планскиот опфат е во рамките на ГУП за Општина Прилеп.

Повторената Јавната анкета и јавната презентација ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 3, БЛОК 3.1, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Нацрт Планот во просториите на Општина Прилеп.

Повторената Јавната анкета ќе трае 14 дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 25.02.2025 година до 10.03.2025 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретно подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Повторената Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 27.02.2025 година, петок во 10:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**



**ГРАДОНАЧАЛНИК:**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

**Општина Прилеп**

Локална самоуправа

**Municipality of Prilep**

Local government

ДО

- Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје / КЕЦ Прилеп
- Македоноски Телеком АД Скопје
- ЈП „Комуналец "- Прилеп
- ЈКП „Водовод и канализација "- Прилеп
- ГА – МА АД Скопје
- Дирекција за заштита и спасување на РМ – ПО Прилеп
- Министерство за култура, управа за заштита на културното наследство
- Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор Води
- Министерство за животна средина и просторно
- планирање - Сектор Природа
- Министерство за одбрана
- Агенција за катастар на недвижности

**ПРИЛЕП, 07.02.2025 год.**

**Наш број:** ____________

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ** за одржување на повторена јавна анкета и јавна презентација за нацрт – Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, Општина Прилеп

Почитувани,

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), Ви соопштуваме за одржување на јавна анкета и јавна презентација за нацрт – Детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.1, Општина Прилеп со технички бр.001/23 од Февруари 2025 година, изработен од Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови Прилеп. Опфатот е со површина од 43,82 ха.

Повторената Јавната анкета и јавната презентација ќе се спроведе со излагање на Нацрт планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 14 (четиринаесет) дена и тоа од 25.02.2025 година до 10.03.2025 година, секој работен ден од 8.30 до 15.30 часот.

Во споменатиот рок, можете да доставите писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Повторената Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 27.02.2025 година во 10:00 часот во просториите на општина Прилеп.

Раководител на Сектор за Урбанизам,
комунални работи и заштита на животната средина
**Илија Беличоски**




Врз основа на член 19 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии, комисијата за спроведување постапка за избор на правен субјект за реализација на ученички екскурзии од СЕТУ „Михајло Пупин" - Скопје го објавува следното

**БАРАЊЕ**
**за прибирање Понуди за реализација на ученички екскурзии за учениците од СЕТУ „Михајло Пупин" - Скопје за учебната 2024/2025 година**

**Побарувач:** СЕТУ „Михајло Пупин" - Скопје

**Понудувач:** Секое правно и физичко лице регистрирано за вршење на дејноста согласно предметот на огласување.

**Предмет:** Организирање на екскурзии согласно програмата на училиштето за 2024/2025 година

Понудувачите кои се заинтересирани за учество во постапката со барање за прибирање понуди подетални информации за предметот на барањето, минимални критериуми и докази за утврдување на способност, информации за техничките и финансиските барања, критериумите за избор на најповолна понуда и начинот на доставување на понудите може да добијат во дополнителната документација која може да се подигне секој работен ден од 09:00 до 13.00 часот во архивата на СЕТУ „Михајло Пупин " ул. Благоја Стефковски бр.6, Скопје. Подигањето на документација кон ова барање е услов за учество во постапката за избор на понудувач за изведување на училишни екскурзии.

Екскурзиите ќе се реализират само доколку има доволен број на пријавени ученици.

Некомплетните понуди нема да се разгледуваат.

Отворањето на понудите се одвива без присуство на понудувачите.

Понудите со потребните документи да се достават до Комисијата за прибирање понуди, во архивата на училиштето или испратени по пошта на адреса СЕТУ „Михајло Пупин " ул. Благоја Стефковски бр.6, 1000 Скопје.

Огласот трае 5 (пет) работни дена од денот на неговото објавување. Понудите во дадениот рок е потребно да се пристигнати во архива на училиштето, односно краен рок за пристигнување на понудите е 14.00 часот од последниот ден на траење на огласот. Секоја пристигната понуда по крајниот рок ќе се смета за задоцнета и нема да биде предмет на разгледување.

**Комисија за спроведување на постапка**
**за изведување на екскурзии при**
**СЕТУ на Град Скопје „Михајло Пупин" - Скопје**
**Менче Митковска( замена за Гордана Јанковска )**
**одговорно лице за услуги за објавување на оглас**